РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 31-ва седница одржана на 22.04..2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-604/1 од 05.02.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во реализација на Договор за јавна набавка на комунални услуги – услуги за отстранување на отпадни води и на смет, санитарни и слични услуги во времетраење од две години склучен на 27.06.2023 година за потребите на договорниот орган ЈП за ------------- ---------------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на кортупцијата и судирот на интереси утврди дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, поради тоа што не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-604/1 од 05.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-604/1 од 05.02.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител со наводи за сомневање за незаконитости во реализација на Договорот со број 08-1704/34 од 27.06.2023 година за јавна набавка на комунални услуги – услуги за отстранување на отпадни води и на смет, санитарни и слични услуги, склучен за две години, за потребите на договорниот орган ЈП ------------- ---------------- Скопје. (во натамошниот текст: ЈП ---). Договорот бил склучен со носителот на набавката -------------------------------------------------------.
Во пријавата се укажува на сомневање дека во текот на реализацијата на

договорот било платено за договорените услуги , а истите не биле обезбедени од страна на носителот на набавката и дека исплатите се извршиле врз основа на фиктивна документација.

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара електронски пристап во ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, од каде беше обезбеден истиот. Воедно, ДКСК се обрати до ЈП -- и побара целосна информација, за реализацијата на гореспоменатиот договор за јавна набавка со табеларен приказ за степенот на реализација на поединечни ставки од обебедените услуги наведени во спецификацијата од 20.02.2023 година, и дали биле склучени анекси кон истиот и по кој основ.

По разгледување на целокупната документација во врска со предметната набавка, ДКСК го констатира следното:
На 20.02.2023 година, ЈП --- --------- донело Одлука за јавна набавка на комунални услуги, под бр. ----------- од 20.02.2023 година. Предмет на јавната набавка биле комунални услуги – услуги за отстранување на отпадни води и на смет, санитарни и слични услуги во времетраење од две години, детално опишани во Спецификација. Проценетата вредност била 25.000.000 денари без ДДВ или 29.500.000 денари со ДДВ, средствата биле обезбедени од буџетот на ЈП --. Критериум за доделување на јавната набавка била најниската понудена цена.
Огласот за јавната набавка бил објавен под број -------/2023 во Електронскиот систем за јавни набавки и во "Сл. весник на РСМ" бр. ---/23.
На објавениот оглас, понуда доставил само еден понудувач– ------------------------------------------------ и по извршената евалуација, од страна на ЈП ---, а по предлог на комисијата за предметната јавна набавка била донесена Одлука за поништување на постапката за јавна набавка бр. ------------ од 05.05.2023 година, бидејќи комисијата не можела со сигурност да потврди дали понудувачот го исполнувал условот за успешно искуство во најмалку три извршени комунални услуги.
Незадоволен од вака донесената одлука, понудувачот вложил жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, која со Решение бр. ------------- од 25.05.2023 година, жалбата ја усвоила, обжалената одлука ја поништила и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување до ЈП ---.
Во повторната постапка, Комисијата за јавната набавка на ЈП --- изготвила Извештај од повторна евалуација од спроведена постапка согласно Решение бр. --------- од 25.05.2023 година од Државната комисија за жалби по јавни набавки на РСМ, заведен под бр. ---------- од 06.06.2023 година. Со единствениот понудувач – - ------------------------------------------------------------ бил склучен Договор за јавна

набавка на комунални услуги за две години бр. -------------- од 27.06.2023 година. во вредност од 25.000.000 денари без ДДВ, или 29.500.000 денари со ДДВ.

Во врска со реализацијата на предметниот Договор, од доставените информации од ЈП ---- е констатирано дека на ден 08.07.2025 година на ЕСЈН било објавено Известување за реализиран договор за јавна набавка по Оглас ------/2023, во кое е наведено дека процентот на реализација на предметниот договор е 80,03% или вредноста на реализираниот договор со ДДВ изнесува 23.607.859,00 денари или со вредност на целосно реализиран исплатен договор со ДДВ 23.607.859,00 денари. Како што е наведено во доставената информација, за сите извршени работи опфатени со споменатиот Договор, економскиот оператор преку Архивата на ЈП ---- доставувал фактури за реализирани работи заедно со испратници за сите активности опфатени во тековниот период. Според добиените документи била креирана Чек листа како документ преку кој се пресметувала вкупната сума на доставените фактури за тековниот период и кои потоа, заедно со пропратните фактури и испратници (потпишани од претставник на економскиот оператор и претставник на наплатна станица на ЈП ---) и истиот документ како Чек листа се доставувал во Секторот за финансии на контрола и реализација преку плаќање.

Реализацијата на договорот се одвивала во период од 16.08.2023 година заклучно со 09.07.2025 година во кој период видно од приложената аналитичка картица на исплатени обврски кон носителот на набавката, бил исплатен вкупен износ од 25.030.537,00 денари.

Секоја исплата на средства е поткрепена со фактура и испратница, испорачани од носителот на набавката и потпишани од двете страни, договорниот орган и носителот на набавката, што е видно од табеларен приказ на примени фактури со опис на извршени услуги по ставки и копија од фактурите со испратници.

На склучениот договор не биле склучени анекси (измени) на договорот.

Имајќи го предвид сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека не се потврдуваат пријавените наводи, по што оцени нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработиле: Ј. Ц., раководител на одделение
м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar